# Леди Магбет

Започнаа подготовките за проектот "Леди Магбет". Балетот при Македонскиот народен театар ќе ни ја пласира оваа современа изведба во режија и кореографија на Расима Рисимкин, додека оригиналната музика е на Драган Даутовски, којшто ќе ја изведе во живо. Ексклузивни гости, со извонредно реноме, во проектот се Ирена Ветерова (Германија) и Андреј Изместјев (Хрватска). Новите ѕвезди на македонскиот балет Марија Јосифовска, Марија Кичевска, Олга Боев, Наташа Николова, Кире Павлов, Александра Стефановиќ, Зејнепа Димовска, Елисавета Скаловска и Драган Кочоски ќе придонесат "Леди Магбет" да се појави во вистинското светло. Инаку, проектот е спонзориран од Тутунски комбинат–Скопје.

Премиерата е закажана за 23 јули на фестивалот "Охридско лето" во предворјето на црквата "Света Софија".

Утрински 31-5-2001
стр. 5